***FOR IMMEDIATE RELEASE***
April, 04, 2008
Press office: +389 (0)2 3115-244
Email: info@fulm.com.mk
www.fulm.com.mk

# СООПШТЕНИЕ ЗА МЕДИУМИ

## Соработка меѓу кредитните унии на Македонија и Полска

Здружението на Граѓани ФУЛМ ја основа Штедилница ФУЛМ со финансиска помош од Агенцијата за меѓународен развој на Соединетите Американски Држави (УСАИД) и со техничка помош од Светскиот Совет на Кредитни Унии (WOCCU).
Штедилница ФУЛМ брои шест филијали, два шалтери, повеќе од 8.700 услужени членови, повеќе од 10 милиони Евра сервисирани кредити како и повеќе од 2,3 милиони Евра штедни влогови.

На основа на постоечката соработка за развој на кооперативното движење и желбата за понатамошно зацврстување на соработката, денес во Домот на АРМ во Скопје и официјално беше потпишан Договорот за соработка меѓу Здружението на Граѓани ФУЛМ од Македонија и Националната Асоцијација на Кредитни Унии од Полска. Целта на договорот е сестрана соработка меѓу ФУЛМ и Асоцијацијата од Полска во нова фаза на заеднички активности кои се состојат во размена на знаење, реализација на заеднички проекти кои се однесуваат на пренесување на професионално, техничко и компјутерско знаење и проекти кои ќе бидат поддржувани од други меѓународни и владини организации.

Покрај веќе воспоставените партнерски односи со Лигата на Кредитни Унии од Мичиген, САД и програмата "Луѓе им помагаат на луѓе", оваа соработка на ФУЛМ претставува уште една потврда за успешноста на движењето на штедно кредитните унии во светот.

## Белешка до уредниците

*Штедно кредитните унии се кооперативи кои обезбедуваат еднаков глас и финансиска сигурност за повеќе од 172 милиони членови во 97 земји во светот. Тие се поседувани и управувани од членовите, претставувајќи безбедно место за штедење и овозможувајќи лесен пристап до кредитни услуги. Штедно кредитните унии интернационално, се признаени како сила која се стреми кон позитивни економски и социјални промени и кои постигнаа голем успех кај сите нации. Тие се формирани врз база на принципот еден член/еден глас, овозможувајќи им ја на членовите можноста директно да ја искусат демократијата.*